**2021053769**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 март 2021 година.

Бр. 08-1340/1
3 март 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Член 1

Во Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ број 2/2002, 17/2003, 30/2004 и 66/2007), во насловот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 18 зборовите: „од 550 до 700“ се заменуваат со зборовите: „од 300 до 500“.

Член 3

Во член 19 зборовите: „од 550 до 700“ се заменуваат со зборовите: „од 300 до 500”.

Член 4

По членот 19 се додава нов член 19-а, кој гласи:

„Член 19-а

За прекршоците предвидени со членовите 18 и 19 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 5

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.